Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Бр. 11 – 10526/3
Скопје 04.01.2013 год

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Аминта Трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3119 815
Е-пошта:
info@mzsv.gov.mk
Сајт:www.mzsv.gov.mk

Врз основа на на член 162 став (2) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за овластување на тело за верификација и контрола**

1. Правното лице ИНТЕГРИРАНИ СИСТЕМИ ЗА КВАЛИТЕТ ДООЕЛ, со седиште на бул.„Октомвриска револуција“ бр.2-1/1 од Скопје и ЕМБС 5732875, СЕ ОВЛАСТУВА за вршење на верификација и контрола на соодветноста на елаборатот односно спецификацијата со производот кој е во постапка за регистрирање или е заштитен со ознака за потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет (член 161 и 162 од Законот за квалитетот на земјоделските производи, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12).
2. Овластеното контролно/верификациско тело од точка 1 верификацијата и контролата ќе ја врши во согласност со пропишаните услови во важечките прописи од областа на Заштита на земјоделските и прехранбените производи со географски или традиционален назив од Законот за квалитетот на земјоделските производи.
3. Овластеното контролно/верификациско тело од точка 1 се упишува во Регистарот за овластени верификациски тела кој го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
4. Инспекцискиот надзор над работењето на овластеното контролно/верификациско тело за вршење на верификација и контрола на соодветноста на елаборатот односно спецификацијата со производот кој е во постапка за регистрирање или е заштитен со ознака за потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет, ја врши Државниот инспекторат за земјоделство (член 163 став (4) од Законот за квалитетот на земјоделските производи „Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12“).

**О б р а з л о ж е н и е**

Правното лице ИНТЕГРИРАНИ СИСТЕМИ ЗА КВАЛИТЕТ ДООЕЛ, - Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе барање со бр. 11-10526/1 од 02.10.2012 година за вршење на верификација и контрола на соодветноста на елаборатот односно спецификацијата со производот кој е во постапка за регистрирање или е заштитен со ознака за потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет. Во прилог на барањето се поднесени доказ за упис во Централен регистар на Република Македонија бр. 0806-11/14743/1 од 28.03.2012 година, список на вработените лица и лични биографии.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи, утврди дека барањето е основано.

Врз основа на напред изнесеното, а согласно член 162 став (2) од Законот за квалитетот на земјоделските производи се донесе решение како во диспозитивот.

Ова решение е со важност до 28 октомври 2013 година, а до тој датум согласно член 177 став (1) од Законот за квалитетот на земјоделските производи, овластените тела се должни да се акредитираат во Институтот за акредитација на Република Македонија и да го известат за тоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Изработил: Б.Талеска
Согласен: Ј. Новачков

**МИНИСТЕР**
**Љупчо Димовски**